## ТЕКСТИЛНИТЕ РАБОТНИЧКИ НИЗ ПРИЗМАТА НА СТУДЕНТИТЕ ОД ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА

Прилично често тежината на животот и неговите проблеми ни прават да се чини дека нема светлина на крајот од тунелот. Некогаш ни се чини дека нема излез. Па сепак, честопати само е потребно на нештата да погледнеме од друг агол, од друга призма, и тогаш се гледа и светлина на крајот од тунелот, и спектрално виножито, и излезот од сите тешкотии.

Овој пат, другата призма или другите очи се оние на студентите од Класично сликарство од Ликовна академија при УГД. Тие нудат свој уникатен поглед на проблематиката на работничките од текстилната индустрија. Тешко е да се коментира она што не се доживеало, но од друга страна може да биде освежувачко за оној кој го доживеал, доколку е раскажано со емпатичен и хуман јазик.

За оваа изложба, изборот падна на 8 култни дела од различни автори од различни епохи. Студентите тие дела ги преработија, копираа или транскрибираа на свој начин, во нив внесувајќи и дел од текстилната иконографија.

Која е симболиката зад овој пристап? Дали пораката е дека секоја работничка е вредна колку тие уметнички дела - т.е. бесценета? Дали можеби сакаат да кажат дека зад машината е секогаш и Венера, и Мерилин? Дали она што е важно е врската меѓу работата на врвниот сликар и врвниот мајстор во секоја работа?

Можеби и не е е толку важно да се најде одговорот на овие прашања, можеби е доволно тие само да се поставаат.

м-р Јана Јакимовска

## Учествуваат:

**Анкица Коцева**, 4 година класично сликарство
- според »Слободата ги води луѓето« од Ежен Делакроа

**Бобан Митев**, 4 година класично сликарство
- според »Врисокот« од Едвард Мунк

**Вангел Крстиновски**, 3 година класично сликарство
- според »Раѓањето на Венера« од Сандро Ботичели

**Виолета Каракашева**, 4 година класично сликарство
- според »Жената што пегла« од Пабло Пикасо

**Зорица Пецева**, 4 година класично сликарство
- според »Дамата со хермелин« од Леонардо да Винчи

**Ивана Ивановска**, 3 година класично сликарство
- според »Скршениот столб« од Фрида Кало

**Јована Велинова**, 4 година класично сликарство
- според »Пролет« од Алфонс Муха

**Наташа Лефкова**, 3 година класично сликарство
- според »Мерилин« од Енди Ворхол

Ментор: Вон. проф. м-р Јана Јакимовска